Согласно член 35, точка 1, алинеја 1 од Правилата за котација го објавуваме следново:

Во периодот од 01.01 до 31.03.2023 година Групата од своето работење оствари добивка пред оданочување во износ од 94,6 милиони денари, наспроти остварената во истиот период минатата година која изнесуваше 196,24 милиони денари.

**Информации од Консолидираниот биланс на успех во 000 МКД**

| | **Тековен период 31.03.2023** | **Претходен период 31.03.2022** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни Приходи | 6.961.859 | 7.089.281 | -127.422 | -1,80% |
| Оперативни Приходи | 6.949.805 | 7.087.749 | -137.944 | -1,95% |
| Приходи од продажба | 6.931.059 | 7.076.062 | -145.003 | -2,05% |
| *- % во оперативни приходи* | *99,73%* | *99,84%* | | |
| | | | | |
| Вкупни Расходи | 6.867.256 | 6.893.046 | -25.790 | -0,37% |
| Оперативни Расходи | 6.859.204 | 6.886.630 | -27.426 | -0,40% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 6.113.669 | 6.217.954 | -104.285 | -1,68% |
| *- % во оперативни расходи* | *89,13%* | *90,29%* | | |
| | | | | |
| ***Добивка пред оданочување*** | ***94.603*** | ***196.235*** | ***-101.632*** | ***-51,79%*** |
| | | | | |
| ***Нето добивка*** | ***84.210*** | ***175.026*** | ***-90.816*** | ***-51,89%*** |

Намалувањето на добивката по оданочување од 90,82 милиони денари или 51,89% во најголем дел е резултат на падот на добивката на Макпетрол АД Скопје, како матично друштво на Групата, иако кај сите консолидирани Друштва се забележуваат намалувања на добивката, со исклучок на Макпетрол Пром-Гас. Намалувањето на добивката на матичното друштво се должи на нестабилноста на цените на нафтата на светските берзи, како и на намалената вкупна продажба на енергенси од 4,88%. Дополнително врз падот на добивката значајно влијае и покачувањето на платите на вработените со цел надминување на економската криза и подобрување на животниот стандард на вработените.

На графиконот подолу е прикажана консолидираната добивката пред оданочување за 2023 година, како и споредбата на позициите од консолидираниот биланс на успех со истиот квартал од минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат консолидираната добивка, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движења кои ја намалуваат консолидираната добивка.

